... дејности и инфраструктура
„Кратово"
Бр. 03-231/1
05.03.2021 год.
Кратово

Архивски знак: ..................
Рок на чување: ..................
.................. 20 година
Потпис
..................

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА -КРАТОВО ЗА 2020 ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“ од Кратово во својот делокруг на работа опфаќа :

А) Управување со Градските гробишта во Кратово

Б) Одржување на улично осветлување

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Г) Управување со Градскиот зелен пазар во Кратово

Д) Други дејности од обласа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

А) Во изминатата 2020 година извршени се вкупно 88 погреби од кои 46 погреби во нови гробни места и 42 погреби во постоечки гробни места со што се остварувани приходи од :

1. Доделување на употреба на гробно место
2. Надомест за одржување на гробишта
3. Изработка на протокол
4. Надоместок од Каменорезец
5. Надомест за изложување на тело
6. Надоместок за користење на ладилник
7. Надоместок за ископ на гробно место

Во изминатата 2020 година Ј.П. „Кратово“ ги има превземено сите неопходни активности за непречено и навремено извршување на погребите.

Покрај тековните активности за одржување на Градските гробишта со редовно чистење, косење на зелените површини, чистење на патеките и мостот во зимски услови од снег, во 2020 година извршено е и бетонирање на зидчиња за ограничување на гробните парцели како и бетонирање на патеки.

При погребување на починати лица од COVID-19 спроведувани се Протоколите за превенција од инфекција и контрола за безбедно управување со мртво тело во комтекс на COVID 19, издадени од Министерството за здравство.

За проширување на Градските гробишта извршена е експропријација на соседните парцели кои према ГУП влегуваат во зоната со намена за проширување на Градските гробишта.

Б) Во изминатата 2020 година извршена е замена на 738 сијалични места (натриумови светилки) и вршено е замена на прегорени осигурачи, форели со сонда, контактори и шемирање на кабли во трафостаниците .

Во 2020 година извршена е замена на оштетен кабел за улично осветлување и тоа во населба Чаир во должина од 100 м, населба Зорле во

должина од 60 м, населба Вршник во должина од 100 м, во парк Карши бавча во должина од 40 м, во с.Страцин во должина од 60 м и поставување на нов кабел и тоа на ул. „Планинска“ во должинба од 40 м.

Извршено е и Новогодишно украсување на плоштадот во Кратово како и раскитување на Новогодишни украси. Вршено е и поставување на знамиња на бандери пред државни празници, како и нивно симнување после државни празници.

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Во изминатата 2020 година извршени се следниве активности:

Редовно изнасање на комунален отпад со камион и трактор како и редовно одржување на Јавната чистота на општина Кратово со косење, метење и изнасање на отпадот. Чистење на плоштадот и главните улици од снежните наноси и други активности. Распоредот за собирање на комуналниот отпад од населените места е транспарентен и е прикачен на веб страната на општина Кратово.

Во 2020 година вршено е повеќе пати расчистување на градската депонија во м.в. Мечкин дол во с. Железница со багер.

Вршено е редовно сервисирање на камионот за изнесување смет.

Извршено е сервисирање на метални контејнери за отпад (замена на тркалца, швајцање и други активности) како и поставување на нови пластични канти на повеќе локации.

Г) Управувањето со градскиот пазар во Кратово кој со Одлука од Совет на општина Кратово со бр. 09-1412/1 од 10.11. 2017 година е отстапен на користење и управување на ЈП Кратово. Во 2020 година вршена е редовна наплата од изнајмување на тезгите, а по завршувањето на пазарот вршено е редовно чистење и одржување на хигиената на пазарот.

Работењето на Градскиот пазар во случај на пандемијата со COVID-19 е спроведувано со Протоколите за превенција од инфекција и контрола за безбедно работење во контекс на COVID 19, издадени од Министерството за здравство.

Д) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

Во 2020 година Ј.П. „Кратово“ ги има реализирано следниве активности:

1. Вадење на деградирана (пропадната) камена коцка на улица Јосиф Даскалов порамнување на теренот и повторно поставување на истата коцка на ул. Јосиф Даскалов во површина од 304 м2, и на улица „св. Ѓорѓи Кратовски“ во површина од 50 м2
2. Санирање на улица Браќа Миладинови со камени плочи, Орце Николов, Кирил и Методи
3. Поправка на ракохвати на улица „Ѓорче Петров“ со метални профили ф50 , со фарбање на истата
4. Прочистување на атмосверска канализација (Млачки пат- кошари)
5. Поставување на еластична ограда на улица „Планинска“
6. Поставување на еластична ограда на улица „Цветко Тонев“ во должина од 145 м
7. Фарбање на еластична ограда на улица „Гоце Делчев“ како и заштитна ограда на Радин мост.
8. Редовно чистење на одводни шахти за атмосверска канализација
9. Расчистување на наноси од земјен материјал нанесени од поројни дождови на улиците „Јосиф Даскалов “ и ул. „Гоце Делчев“ .

02.03.2021 год
Кратово

J.П. „КРАТОВО“
Директор
Тодорче Кировски